Врз основа на член 28, и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија“ број 32/2020) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен  гласник на општина Струмица” број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на измена и дополнување на ДУП за дел од Блок 19, (УБ32 УЕ 3, по ГУП за град Струмица), Општина Струмица**

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на измена и дополнување на ДУП за дел од Блок 19, (УБ32 УЕ 3, по ГУП за град Струмица), Општина Струмица, со површина од 3858,33м$^2$, во состав:

- Софија Ристова - Раководител на Одделението за урбанизам,

- Андреј Манев- претставник на изготвувачот на планот,

- Елина Трендова - дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета од 26.07.2022 година до 26.08.2022 година, а јавната презентација да се одржи на ден 27.07.2022 година во 12:30 часот во просториите на Секторот за урбанизам, Општина Струмица.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.09-5376/3
07.07.2022 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов